Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 44/15) Јавното претпријатие за државни патишта, на ден 09.07.2020 донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ за Проектна документација за изградба и реконструкција на државен пат Р1401, делница од излез на Струмица до спој со А1, потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на животната средина, согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ за Проектна документација за изградба и реконструкција на државен пат Р1401, делница од излез на Струмица до спој со А1, се определуваат Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за планирање на просторот, Општина Струмица, Општина Валандово и Јавното претпријатие за државни патишта.
3. Планскиот документ за Проектна документација за изградба и реконструкција на државен пат Р1401, делница од излез на Струмица до спој со А1, за чија изработка е одговорно ЈП за државни патишта, а го донесува Владата на Република Северна Македонија, се очекува дека ќе има влијанија врз животната средина.
4. Обемот за Извештајот за животна средина треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијанија по однос на генерирање на комунален, градежен и опасен отпад, влијание врз амбиенталниот воздух и влијание врз биодиверзитетот, како и влијане врз имоти на лица и влијание врз здравјето на луѓето.
5. Одлуката, заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена, се објавуваат на веб страната на Јавното претпријатие за државни патишта на следната веб адреса: www.roads.org.mk.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка по работен однос од втор степен во ро од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.

Место: Скопје

Име и презиме Зоран Китанов

Директор

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Проектна документација за изградба и реконструкција на државен пат Р1401, делница од излез на Струмица до спој со А1 |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Јавно претпријатие за државни патишта<br>Улица Даме Груев број 14, 1000 Скопје<br>тел:02/3118-044, факс:02/3220-535<br>www.roads.org.mk |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за животна средина и просторно планирање |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Сашка Богданова Ајцева |
| Назив на работното место | Советник за заштита на животната средина |
| Контакт податоци за лицето | телефон: 02/3118-044 лок. 305<br>saska@roads.org.mk |

**Основни податоци за планскиот документ**

Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)

Од Просторниот План (2004), каде заради дооформување на магистралната патна мрежа се предлага прекатегоризација на Регионалниот пат Струмица - Марвинци со должина од 32 km во магистрален патен правец.

Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?

Да☒
Не☐

Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?

/

Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.

Да, транспорт, плански документ за кој се изработува СОВЖС

Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 7 | Алинеја: 2 |

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.

Да, изработка на Проект за инфраструктура

Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.

Не

Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.

Реконструкција и рехабилитација на постоен Регионален пат Р1401 и
Изградба на нов пат од спој со Валандово до спој со А1

Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)

Транспорт

Периодот за донесување на планскиот документ.

/

Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?

/

Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)

Трасата на патот започнува со излез од Струмица, на крстосница на Р1401 со Р1402, а завршува со приклучување на А1 северно од село Марвинци. Вкупната должина на трасата изнесува 26,81 km и зафаќа опфат со површина од 406,77 ha. Опфатот поминува низ Општина Струмица и Општина Валандово. Поделена е на 4 делници: Делница 1 - Реконструкција на постоен пат со должина од 7,69 km и опфат со површина од 80,63 ha. Започнува од излезот на Струмица, а завршува пред село Костурино. Се протега непосредно покрај течениjата на реките Тркаjна и Тркаљавиште,

| |
|---|
| во ридест и кањонски предел;<br>Делница 2 - Нова траса. Го заобиколува село Костурино од запад, се движи покрај Сува Река, навлегува во Валандовско Поле и завршува на крстосница со регионалниот пат Р1105 кон Дојран. Должината на делницата изнесува 9,73 km со површина на опфат од 166,41 ha;<br>Делница 3 - Нова траса. Од крстосницата со Р1105 трасата е ориентирана периферно на Валандовско Поле, над јужните граници од урбанизирани подрачја на селата Брајковци и Балинци, северно од градежната линија на рудникот Казандол, се до предвидена крстосница за приклучување кон Валандово. Делницата е долга 4,95 km и зафаќа опфат од 84,94 ha.<br>Делница 4 - Нова траса, што поминува низ рамничарско- ридест предел, од крстосницата со Валаддово, поминува меѓу селата Балинци и Марвинци, го заобиколува Марвинци од северната страна и се приклучува на А1 со крстосница. Должината на трасата изнесува 4,43 km , а површината на опфатот 74,8 ha. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Од планскиот документ се очекуваат влиајнија врз животната средина во подготвителната, конструктивната и оперативната фаза на проектот. Во сите фази на проектот се очекуваат влијанија врз почвата, водите, воздухот и зголемено ниво на бучава. Во градежната фаза се очекуваат и влијанија врз биодивезитетот, површински и подземни води, пејсажот и социо-економски влијанија. Во фаза на реализација на проектот ќе дојде до експропријација и пренамена на земјиште од земјоделско во градежно. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Загадувањата во фаза на градба се со веројатниост на појава, краткотрајни и локални. Во фаза на експлоатација се веројатни, краткотрајни и долготрајни. Долгорочни влијанија врз животната средина се очекуваат од отстранување на вегетација и фрагментирање на станишта, но со среден интензитет. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Новата траса на патот е во близина или се пресекува со постојни регионални и локални патни правци. Не се очекуваат кумулативни влијанија во однос на сообраќајот, бидејќи трасата ги премостува или се поврзува со овие патишта со крстосници. Постојните патишта останувaат во функција на локално поврзување на населбите,а новиот пат за интензивен транспорт. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Не |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Од природни катастрофи може да се очекуваат земјотреси и поплави. Од работа во шумски подрачја можни се пожари, а од градежни работи несреќи при градба на мостови или работа под сообраќај. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Влијанијата ќе се чувствуваат во опфатот на патот. Трасата е проектирана надвор од населени места, а е во близина на селата Костурино, Раборци, Три Води, Раброво, Честево, Брајковци, Балинци и Марвинци, и посредно градовите Струмица и Валандово. Ќе биде засегнато население од околу 43.038 жители. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Патниот правец Струмица-Валандово-спој со А1 претставува најкуса попречна врска меѓу коридорите А4 и А1, кои истовремено обезбедуваат поврзување со граничните премини Ново Село и Богородица. Тој ќе овозможи зајакнување на локалната | |

| | |
|---|---|
| економија и подобрување на стандардот на населението преку зголемена достапност до локални производи и побрз и побезбеден транспорт на добра.<br>Позитивни влијанија: зголемување на земјоделско производство, рурален развој, стопанство, услужни дејности, туризам.<br>Негативни влијанија:експроријација и пренамена на земјоделско во градежно земјиште. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Трасата на патот е надвор од заштитени подрачја според домашното законодавство. Во близина на трасата е заштитен СП Чам Чифлик, оддалечено од патот околу 400 m. Подрачјата од природно значење како Значајно растително подрачје ЗРП Беласица го пресекува постојниот пат на излезот од Струмица во должона од 1,57 km, а Емералд подрачјето Беласица е надвор од трасата на патот, со најблиска допирна точка на околу 100 m. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Трасата поминува низ брдски предели на дабово-габерови шуми и псевдомакија, како и низ рурален земјоделски предел. Од критични станишта, покрај долините на реките застапена е рипариска вегетација на чинар и бела врба и псевдомакија со црн бор. Евидентираните културни недвижни добра се надвор од опфатот на трасата. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Во градежна фаза: прашина и бучава<br>Во оперативна фаза: воздух и бучава |
| Интензивна употреба на земјиштето | Пренамена на земјоделско во градежно земјиште |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Траста не поминува низ заштитени подрачја |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>ПД е овнова за изработка на ОВЖС и Елаборат за заштита на животната средина за Делница 1. Со планската документација не се предвидува градба на други објекти за кои е потребно спроведување на ОВЖС. | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Струмичкиот и Валандовскиот крај се познати земјоделски региони во кои е застапено производсвото на раноградинарски производи, овоштарството и лозарството.<br>Главните влијанија од реализацијата на планскиот документ ќе биде врз земјоделските површини, кои влијанија со примена на технички мерки и добра градежна пракса можат на станат незначителни. | |

| |
|---|
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>- Урбанизација на просторот со повисока намена;<br>- Одржливо искористување на природните ресурси;<br>- Зајакнување на локалната економија, можности за отварање на мали претпријатија и достап до фондови;<br>- Подобрување на условите за живеење на локалното население и економска независност на младите луѓе;<br>- Подобрени и побезбедни транспортни врски со другите региони во државата и со соседните земји. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Реализацијата на планскиот документ ќе има влијание врз амбиенталниот воздух, водите, почвата, биодиверзитетот и нивото на бучава. Од социјалните аспекти ќе влијае врз општествените аспекти и ризик од безбедност на патиштата, прашања од труд и работна сила.<br>Посебно влијание ќе има врз земјоделско земјиште и речните корита. Консултации треба да се спроведат со засегнати сопственици на земјоделски парцели, како и со јавни претпријатија кои управуваат со речните корита.<br>Се оценува дека еколошките ризици од проектот нема да бидат значителни и дека можат со примена на технички мерки и градежна пракса да бидат ублажени.<br>Клучните влијанија најверојатно ќе се однесуваат на:<br>- Пренамена на земјиште;<br>- Влијанија врз речните корита од градба на објекти (касети, мостови, пропусти, потпорни ѕидови);<br>- Оштетување на мала површина на рипариска вегетација;<br>- Ризик од свлекување на земја во зависност од геологијата на почвата;<br>- Емисии во воздухот и бучава во градежната и оперативната фаза на проектот.<br>Социјалните влијанија ќе се однесуваат на:<br>- Експропријација на земјиште;<br>- Ризик од несреќи од изведување на работи под сообраќај;<br>- Можности за вклучување на локални каменоломи, јавни претпријатија, сервиси и работна сила во фаза на градба;<br>- Бенефити од локален економски развој. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Опфатот на Проектот за инфраструктура е третиран во Просторниот План на РМ (2004). Планирањето на просторот се врши врз основа на Услови за планирање на просторот, Извод од План, што ги изготвува Агенцијата за планирање на просторот, а |

| | | |
|---|---|---|
| произлегуваат и се во согласност со Просторниот План. | | |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>**Опфатот на трасата на Патот Струмица-Валандово-спој со А1 претходно урбанистички не бил третиран и не бил предмет на оцена на влијание врз животната средина во друга планска документација.** | | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>**Сите идентификувани потенцијални влијанија во фазата на спроведување на СОЖС ќе бидат детално анализирано при изработка на ОВЖС. Според оценетото значење и јачина на влијанието предложените мерки за заштита во СОЖС ќе бидат спроведени во ОВЖС.** | | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | | Зоран Китанов |
| Датум 09.07.2020 година<br>Место Скопје | | М.П. |